СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 6 јуни 1997
Скопје
Број 25 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

537.

Врз основа на член 86 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91) донесувам

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Поради престанок на функцијата се разрешуваат од членови на Советот за безбедност на Република Македонија:

1. Д-р Љубомир Фрчковски,
2. Д-р Благој Ханциски.

II

За членови на Советот за безбедност на Република Македонија се именуваат:

1. Д-р Лазар Китаноски, министер за одбрана,
2. Д-р Благој Ханциски, министер за надворешни работи.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-448
3 јуни 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

538.

Врз основа на член 68 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96 и 34/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ, ОСПОСОБУВАЊЕ И РАЗВОЈ

Член 1

Со оваа одлука се основа Центар за стручно образование, оспособување и развој.

Член 2

Центарот е јавна установа и работи под назив „Јавна установа – Центар за стручно образование, оспособување и развој“.

Седиштето на установата е во Битола.

Член 3

За потребите на работењето Центарот ги користи просториите на старото детско одморалиште на Пелистер со дворното место, и административни простории од ЕМУЦ „Ѓорги Наумов“-Битола.

Член 4

Дејноста на Центарот е:

– иновирање и развој на стручното образование
– перманентно усовршување на наставничкиот кадар по стручните предмети
– обука на раководители
– работа со талентирани ученици
– изготвување и реализација на проекти од областа на образованието и воспитанието
– изготвување на дидактички материјали
– организација и сместување на учесници на семинари и советувања
– издавачка дејност.

Член 5

За извршување на обврските од член 3 на оваа одлука работата во Центарот ќе се организира по сектори.

Член 6

Органи на Центарот се Управен одбор и директор.

Управниот одбор брои седум члена и тоа: еден претставник од основачот, по еден претставник од Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола, еден претставник од Републичката Стопанска комора на Македонија, еден претставник од Републичкиот завод за вработување, еден претставник од Педагошкиот завод на Македонија и еден претставник од редот на вработените во установата.

Надлежностите, организацијата и работата на органите на јавната установа, како и други работи од значење за дејноста на Центарот се уредуваат со Статут.

Член 7

На статутот на Центарот согласност дава Владата на Република Македонија.

Член 8

Средствата за работа на центарот се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од други извори.

Член 9

Именувањето на членови на Управниот одбор, именувањето на директор и донесување на Статутот на Центарот ќе се изврши во рок од два месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Уписот на Центарот во судскиот регистар ќе се изврши во рок од два месеца од денот на донесувањето на оваа одлука.

За вршител на должноста директор на Центарот Владата на Република Македонија го именува м-р Константин Петковски.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите на запишување на Центарот во судскиот регистар и други активности потребни за почетокот со работа на Центарот.

Член 10

Директорот на Центарот се именува и разрешува од министерот за образование и физичка култура.

Мандатот на директорот трае пет години.

Член 11

Работите околу почетокот со работа на Центарот ќе ги координира Министерството за образование и физичка култура.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1308/1
2 јуни 1997 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

539.

Врз основа на член 153, став 4 и член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" број 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 мај 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА КУЛТУРА

1. За помошник на министерот за култура, за нормативни и управни работи, авторско и сродни права, се назначува Олгица Трајковска, досегашен помошник на министерот за култура за нормативна дејност и управен надзор.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1083/2
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

540.

Врз основа на член 153, став 4 и член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 мај 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА КУЛТУРА

1. За советник на министерот за култура за заштита на културното наследство, се назначува Љиљана Китановска, досегашен советник на министерот за култура за заштита на културното наследство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1083/3
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

541.

Врз основа на член 40 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/97) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 мај 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНАТА УСТАНОВА КПД - ИДРИЗОВО

1. За директор на Казнено-поправната установа КПД – Идризово се именува Стојан Ристов, досегашен управител на КПД - Идризово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1118/4
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

542.

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 мај 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СТОПАНСТВО

1. За помошник на министерот за стопанство, за геологија и рударство, се назначува Ештреф Имери, дипл. рударски инженер, досегашен технички раководител во Рудници и сепарација „Радуша" при ХЕК „Југохром".

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1183/2
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

543.

Врз основа на член 129 од Законот за банките и штедилниците („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/96) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 мај 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА САНАЦИЈА НА БАНКА

1. М-р Томе Неновски, се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата на Република Македонија за санација на банка.

2. За член на Управниот одбор на Агенцијата на Република Македонија за санација на банка се именува Рубинчо Зарески, стручен соработник во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1190/2
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

544.

Врз основа на член 23, став 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 мај 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈП ЗА НАБАВКА, ТРАНСПОРТ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС „ГА-МА“ – СКОПЈЕ

1. За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за набавка, транспорт и дистрибуција на природен гас „ГА-МА“ – Скопје се именува Михајло Костовски, машински инженер – енергетичар, досегашен вршител на должноста директор на ова претпријатие.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-1210/1
19 мај 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

545.

Врз основа на член 7 став 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 52/95 и 60/95-исправка), а во врска со член 160 од Законот за органите на управата („Службен весник на РМ“ бр. 40/90 и 63/94), министерот за правда донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА РЕГИСТАРОТ НА ГРБОВИТЕ И ЗНАМИЊАТА НА ОПШТИНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ВОДЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на регистарот на грбови и знамиња на општините во Република Македонија (во натамошниот текст: регистар) и начинот на неговото водење.

Член 2

Регистарот се води во укоричена книга со димензии 500 мм х 400 мм, во која секоја страница има свој број.

На насловната страна на регистарот во горниот дел пишува „Република Македонија“, на средината „Министерство за правда“, а веднаш под тие зборови „Регистар на грбови и знамиња на општините во Република Македонија“.

Член 3

Образецот на регистарот ги содржи следните рубрики:

1) постојан број;
2) број и датум на решението за упис;
3) име на општината;
4) седиште на општината;
5) име и презиме на лицето кое е овластено да ја поднесе пријавата за упис;
6) број и датум на актот со кој се утврдува грбот и знамето;
7) забелешка во која се впишува бројот и датумот на решението за бришење од регистарот, односно друга промена и органот кој го донел.

Образецот на регистарот е составен дел на овој правилник (прилог бр. 1)

Член 4

Пред почетокот на водењето на регистарот на последната страница се забележува вкупниот број на страници што ги содржи регистарот и забелешката се заверува со печат и со потпис на министерот за правда.

Регистарот се води на принцип на постојан број.

Член 5

Покрај регистарот секој субјект на уписот има своја регистарска влошка, која е означена со постојаниот број под кој уписот се води во регистарот.

Регистарската влошка се состои од обвивка со соодветен механизам на која поврзано се редат сите акти што се доставени до Министерството за правда во врска со уписот во регистарот.

Член 6

Уписот во регистарот се врши со поднесување на пријава за регистрација на грб и знаме на пропишан образец (прилог бр. 2), кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Кон пријавата за регистрација се приложува статутот на општината, актот со кој се утврдува грбот и знамето и нивниот графички приказ во боја.

Пријавата со прилозите се поднесува во 2 примероци.

Член 8

Запишувањето во регистарот се врши по редоследот на донесување на решението за упис.

Член 9

Регистарот и списите од постапката за запишување во регистарот се чуваат трајно.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-480/3
13 мај 1997 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Владо Поповски** с.р.

Прилог бр. 1

Број на страница

Постојан број _____

Број и датум на решението за упис	
Име на општината	
Седиште на општината	
Име и презиме на лицето кое е овластено да ја поднесе пријавата за упис	
Број и датум на актот со кој се утврдува грбот и знамето	
ЗАБЕЛЕШКА:	

Прилог бр. 2

ПРИЈАВА
за регистрација на грб и знаме

Предлагач: име и седиште на општината	
Предмет на пријавата	

Кон пријавата ги приложуваме следните акти:

1) _____
2) _____
3) _____
4) _____
5) _____

Предлагаме врз основа на оваа пријава и на приложените акти да се донесе решение за упис во Регистарот на грбови и знамиња на општините во Република Македонија.

Потпис на овластеното лице

_____

546.

Уставниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на 28 мај 1997 година,

за претседател на Уставниот суд на Република Македонија од редот на судиите го избра д-р Милан Недков, за време од три години без право на повторен избор, со важност од 3 јуни 1997 година.

У. бр.214/97
28 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Јован Проевски,** с.р.

547.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/92), на седницата одржана на 14 мај 1997 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 141 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/93).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија, по иницијатива од Коста Нојков – адвокат од Велес, со Решение У.бр.202/96 од 12 февруари 1997 година поведе постапка за оценување уставноста на одредбата од Законот означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со член 15 од Уставот на Република Македонија.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорената законска одредба се предвидува против решението донесено во прв степен на фондот односно кај работодавецот, осигуреникот, корисникот на пензија или членот на семејството да има право на жалба до второстепениот орган на фондот односно кај работодавецот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Понатаму, Судот утврди дека Фондот има својство на правно лице (член 8 став 2 од Законот), дека дејноста на Фондот е од јавен интерес (член 9 од Законот) и дека Фондот има статут со кој се уредува начинот на остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување, како и правата, обврските и одговорностите на органот на управување на Фондот – Управниот одбор кого го сочинуваат членови именувани од Владата на Република Македонија (членови 162 и 169 од Законот). Притоа, според член 46 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/94) решение за право од пензиското и инвалидското осигурување во прв степен донесува, по овластување од директорот на Фондот, раководителот на подрачната единица на фондот на чие подрачје осигуреникот бил последен пат осигурен, а според член 47 од Статутот, решение за право на пензиското и инвалидското осигурување во втор степен донесува комисија на Управниот одбор на Фондот.

Од наведените одредби произлегува дека фондот е институција со јавни овластувања и дека таа институција решава за остварување на право од пензиското и инвалидското осигурување и во прв и втор степен.

5. Според член 15 од Уставот на Република Македонија, се гарантира правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен, покрај другото, и од институција која врши јавни овластувања.

Со оглед на тоа што со член 141 став 1 од Законот се предвидува ист орган (Фондот) да решава во прв и во втор степен за остварување на право од пензиското и инвалидското осигурување, а не по жалба за тоа да одлучува орган кој не учествувал во одлучувањето во прв степен, Судот оцени дека оспорената законска одредба не е во согласност со наведениот член 15 од Уставот.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У.бр. 202/96
14 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Јован Проевски,** с.р.

548.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/92), на седницата одржана на 21 мај 1997 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ точките 1 и 3 од Задолжителната инструкција бр. 6/94, донесена од директорот на Царинската управа на Република Македонија на 24 мај 1995 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија, по иницијатива на Здружението за сообраќај и врски (групација шпедиција) во Скопје, со решение У.бр. 204/96 од 2 април 1997 година поведе постапка за оценување законитоста на точките 1 и 3 од инструкцијата означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со член 96 од Законот за царините.

4. Судот на седницата утврди дека според точката 1 од Инструкцијата шпедициите кои на граничните царински премини пополнуваат ЕЦД (единствен царински документ) се должни да обезбедат посебна гаранција од деловната банка согласно Одлуката за условите на подигање на стоки од под царински надзор по царинскиот преглед, а пред уплатата на царината и на другите увозни давачки и за начинот на обезбедување на нивната наплата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/94).

Во ставот 2 на точката 1 од Инструкцијата е предвидено шпедицијата да поднесува гаранција во по два примероци на Заводот за платен промет, од кои еден заверен примерок од Заводот за платен промет, се поднесува на Царинската управа на Република Македонија.

Согласно точката 3 од Инструкцијата секоја гранична царинска испостава добива читлива фотокопија од гаранциите со известување, за сите шпедиции што се лоцирани на тој премин. Оние шпедиции кои нема да положат гаранција на банка, не ќе можат да поднесуваат ЕЦД.

5. Согласно членот 96 став 1 од Законот за царините ако стоките што се увезуваат со патнички превозни, односно преносни средства не се царинат кај граничната царинарница, превозникот е должен на име обезбедување на стоките да уплати на царинарницата износ во висина на пресметаната царина и други увозни давачки што се наплатуваат при увозот на такви стоки или да положи гаранција на банката, ако со посебни прописи не е определено поинаку.

Од наведената законска одредба произлегува дека должноста за полагање гаранција на име обезбедување на стоката што ја поминува граничната линија се однесува исклучиво на превозникот на стоката, односно дека такво задолжување не е предвидено за шпедитерот.

Со оглед на тоа што точките 1 и 3 од Инструкцијата предвидуваат обврска за шпедитерот да положува гаранција на гранката на име обезбедување на стоката, што ја поминува граничната линија, Судот оцени дека со таквото решение во Инструкцијата се воведува нов режим на плаќање на овие царински премини, поради што оцени дека се несогласни со Законот за царините.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У. бр. 204/96
21 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на
Република Македонија,
д-р **Јован Проевски,** с.р.

549.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/92), на седницата одржана на 14 мај 1997 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ одредбите од член 23 став 1 точките 3, 4 и 5 и член 29 став 2 од Колективниот договор за вработените од мелничко-пекарската индустрија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/94).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија, по иницијатива на АД „Жито–Битола“ од Битола, со Решение У.бр.243/96 од 26 февруари 1997 година поведе постапка за оценување законитоста на одредбите од член 23 став 1 точките 3, 4 и 5 и член 29 став 2 од Колективниот договор за вработените од мелничко-пекарската индустрија, затоа што пред Судот основано се постави прашањето за согласноста на овие одредби со членот 130 од Законот за работните односи.

4. На седницата Судот утврди дека со одредбата од член 130 од Законот за работните односи, е предвидено дека на работникот не може да му престане работниот однос ако работодавецот не му обезбеди едно од следниве права: 1) вработување кај друг работодавец без огласување на работното место со преземање и склучување на договор за работа, на работно место кое одговара на неговата стручна подготовка, односно квалификација; 2) стручно оспособување, преквалификација или доквалификација за работа кај ист или кај друг работодавец; и 3) еднократен надомест во вид на испратнина, во висина на едномесечна плата на работникот за секои две години работен стаж, а најмногу 12 месечни плати, остварена во претходниот месец од денот на престанокот на работниот однос.

Со оспорената одредба од член 23 став 1 точките 3, 4 и 5 од Колективниот договор за вработените од мелничко-пекарската индустрија, во точките 4 и 5 се предвидуваат две нови права за работниците во случај на престанок на работниот однос поради технолошки, економски, организациони и слични причини (скратување на работното време во рамките кои ги дозволува Законот; и чекање на работа со право на надомест на плата) кои што не се предвидени во цитираната одредба од член 130 од Законот за работните односи, додека во точката 3 од оспорената одредба, предвиденото право од точка 3 од член 130 од Законот за работните односи се условува со дадена изјава на работникот дека сака да му престане работниот однос по овој основ, што фактички го спречува работодавецот да донесе решение за престанок на работниот однос со обезбедување на право на испратнина доколку претходно не прибави од работникот писмена изјава дека се согласува да му престане работниот однос преку обезбедување на ова право.

Со оспорениот став 2 од член 29 од Колективниот договор, пак, е предвидено дека на работникот му се обезбедува и лично изјаснување во изборот на правата утврдени со закон.

5. Согласно член 110 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Од содржината на оспорените одредби од Колективниот договор на мелничко-пекарската индустрија Судот утврди дека во истите се предвидени нови права за работниците во случај на престанок на работниот однос поради технолошки, економски, организациони и слични причини, кои што не се предвидени во членот 130 од Законот за работните односи.

Имајќи го предвид карактерот на одредбата од член 130 од Законот за работните односи со која таксативно се набројени правата кои што му се обезбедуваат на работникот во случај на престанок на работниот однос поради технолошки, економски, организациони и слични причини, Судот најде дека со оспорените одредби од Колективниот договор на мелничко-пекарската индустрија всушност се менува законското решение од член 130 од Законот за работните односи.

Од овие причини Судот оцени дека оспорените одредби од Колективниот договор на мелничко-пекарската индустрија не се во согласност со одредбата од членот 130 од Законот за работните односи, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У.бр. 243/96
14 мај 1997 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Јован Проевски,** с.р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I – СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје поведена е постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Мануел Османи од Скопје, против тужената Адиле Османи, со непозната адреса на живеење во Германија.

Се повикува тужената Адиле Османи да се јави и да земе учество во текот на судската постапка. Доколку не се јави по истекот од 15 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", судот ќе одреди привремен застапник за заштита на нејзините интереси се до правосилното завршување на постапката, или се додека тужената не се јави во судот и не ја преземе постапката.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје,П.бр. 1824/97. (7686)

Од предлагачот Комерцијална банка АД - Скопје покренатa е постапка за обезбедување на докази против Јефтич Славољуб, Василечко Игор, Галевиќ Душан, Гази Исса Муса Рашид, Петар Грубар Немања, Самир Саллаум, Ирм Компани, Абу Ел Хаија Мохд, Мохамед Адад и Алексов Алекси со непозната адреса на живеење и на истите во постапката им е поставен привремен старател лицето Миле Величковски. Се повикуваат горе наведените лица да се јават во судот во рок од 15 дена по објавувањето на огласот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Р.бр. 49/97. (7959)

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд во тек е постапка за зголемување на издршка по тужбата на малолетната тужителка Кристина Пејчова преку законскиот застапник Зорица Пејчова од Скопје ул."Рилски Конгрес" бр. 49 против тужениот Раде Пејчов од с. Миладиновци, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да ја достави својата точна адреса на живеење и да се јави во овој суд.

Доколку во определениот рок не се јави ниту ја достави својата точна сегашна адреса на живеење, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси до правосилното окончување на оваа постапка.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, V.П.бр. 2416/94. (7663)

Пред овој суд се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Ердуан Демири од Скопје, ул."Црноок" бр. 18, н. Шуто Оризари, Скопје, против тужената Вероник Полиен од Р.Франција, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Вероник Полиен во рок од 15 дена по објавувањето на огласот со писмен поднесок или лично да го извести судот за местото на нејзиното живеалиште со целосна адреса, како би можел судот да постапи по тужбата на тужителот. Ако во определениот рок не сé извести судот од страна на тужената за местото на живеење, судот ќе и постави привремен застапник преку Центарот за социјални работи од редот на адвокатите.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XIV П.бр. 913/97. (7895)

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје се води парнична постапка за развод на брак по чл.41 од ЗС по тужба на тужителот Божидар Зафировиќ од Скопје, против тужената Анка Зафировиќ со непозната адреса во странство.

На тужената судот и постави привремен застапник адвокат Мирољуб Пандиловски, кој ќе ги застапува интересите на тужената до нејзиното појавување во постапката или до правосилноста на постапката.

Се повикува тужената во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да ја преземе постапката, бидејќи во спротивно истата ќе продолжи преку поставување привремен застапник.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, П.бр. 1090/97. (7941)

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје се води постапка за долг по тужба на тужителот, Пановски Јован од Скопје против туженият ниот Спасовски Тихомир со адреса ул."Скупи 5-1" бр. 3 во Скопје, а сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот неопределена.

Се повикува туженият Спасовски Тихомир, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на овој оглас се јави во судот или да достави своја адреса. Во спротивно, неговите интереси во постапката ќе ги застапува привременият старател Мирче Ристовски, адвокат од Скопје, кој е одреден од страна на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Општините на град Скопје.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (7947)

ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд се води извршен предмет за долг по предлог на доверителот Комерцијална банка А.Д. - Скопје, против должникот П.П.Т.У. "Оми Пром" Д.О.О. - Куманово, хипотекарен должник Северџан Алиевски од Куманово, ул."Страшко Арсов" бр. 10.

На Северџан Алиевски од Куманово му се поставува за привремен застапник Савре Спасовски, стручен соработник при Основниот суд Куманово да го застапува по предметот И.бр.3447/96 до окончувањето или до неговото појавување во судот.

Од Основниот суд во Куманово, И.бр. 3447/96. (7601)

Пред овој суд се води парнична постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Шаил Мамути од Куманово, на ул. "6 Април" бр. 36, против тужената Сузана Мамути, моминско Демирова од

Куманово на привремена работа во Германија со непозната адреса.

На тужената се поставува привремен застапник Савре Спасовски, стручен соработник при Основниот суд во Куманово до окончување на постапката, односно до нејзиното појавување во судот.

Од Основниот суд во Куманово, П.П.бр. 1186/97. (7603)

Пред овој суд се води парнична постапка за утврдување право на сопственост по тужба на тужителот Невзат Јашари од Куманово, против туженият Бошков Драгиша од Куманово, сега на привремена работа во странство со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот неопределена.

Се повикува туженият Бошков Драгиша или било кое друго лице во рок од 30 дена се јави во судот и достави точна адреса или назначи свој полномошник. Во спротивно судот ќе му постави привремен застапник од редот на стручните соработници во судот.

Од Основниот суд во Куманово, V.П.бр. 1153/97. (7936)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води постапка за сопственост по тужба на тужителот Зибери Ремзи од с. Милетино, преку полномошникот Воислав Гавровски, адвокат од Тетово, против тужените Рефети Фуат и Рефети Амет од с. Милетино, сега со непозната адреса во странство. Вредност на спорот 20.000,00 денари.

Се повикуваат тужените Рефети Фуат и Рецепи Амет од с. Милетино, да се јават во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот во Основниот суд во Тетово, а доколку не се во можност да достават своја точна адреса и одредат свој полномошник. Во спротивно судот по службена должност, согласно одредбите од ЗПП ќе постави привремен старател.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.828/97. (7688)

Пред Основниот суд во Тетово се води бракоразводен спор по тужбата на тужителот Миодраг Јанчевски од с. Сараќино - Тетово, против тужената Светлана Јанчевска од с. Сараќино, односно с. Кучевиште - Скопје.

Се повикува тужената Светлана Јанчевска да се јави во Основниот суд во Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или да одреди полномошник, а во спротивно преку Центарот за социјална работа во Тетово ќе и биде одреден привремен застапник кој ќе ја застапува до правосилно окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 242/97 год. (7689)

Пред Основниот суд во Тетово се води постапка за изменување на одлука за чување и воспитување на дете по тужбаата на тужителот Симовски Славче од Тетово против тужената Златкова Благица од Свети Николе, а сега во Шведска со непозната адреса .

Се повикува тужената да се јави на судот, да достави адреса или да овласти полномошник кој ќе ја застапува во оваа постапка до нејзиното окончување.

Во спротивно по истекот на 30 дена судот преку ЦСР - Тетово ќе и постави привремен застапник.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 421/97. (7938)

Пред Основниот суд во Тетово се води постапка за докажување на смртта на лицето Халил Дервиши по предлог на прелагачот Дервиши Ибраим од Тетово.

Се повикува лицето Дервиши Халил од Тетово да се јави во Основниот суд во Тетово или секој друг што знае за неговиот живот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот.

Од Основниот суд во Тетово, Р.бр.185/97. (7963)

Пред Основниот суд во Тетово е во тек постапка за утврдување на смртта на лицето Умери Абди од Тетово, а по предлог на предлагачот Умери Енисе од Тетово.

Се повикува лицето Умери Абди од Тетово да се јави во Основниот суд во Тетово и секој друг што знае за неговиот живот во рок од 30 дена по објавјувањето на огласот.

Од Основниот суд во Тетово, Р.бр.260/97. (7964)

Пред Основниот суд во Тетово се води постапка за доакжување на смртта на лицето Саити Меди од с. Цепчиште, а по предлог на предлагачот Саити Фадил од истото село.

Се повикува лицето Саити Меди, или секој друг што знае за неговиот живот да се јави во Основниот суд во Тетово во рок од 30 дена по објавување на огласот.

Од Основниот суд во Тетово,Р.бр. 256/97. (7965)

Пред овој суд се води спор за утврдување на сопственост по тужбата на тужителот Смилјановски Благоја од с. Д. Седларце, против туженият Мустафи Шаип од Тетово, а сега со непозната адреса во Република Турција,

Се повикува лицето Мустафи Шаип да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" во Основниот суд во Тетово или пак да ангажира негов полномошник, кој ќе ги штити неговите интереси. Во спротивно судот по службена должност преку ЦСР - Тетово ќе постави привремен старател кој ќе ги штити неговите интереси до правосилноста на окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.779/97 год. (7966)

Пред Основниот суд во Тетово се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Беадини Јонуз од с. Слатино против туженаата Беадини Моника од Берлин.

Се повикува туженаата Беадини Моника од Берлин, СР Германија да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Основниот суд во Тетово или да ангажира свој полномошник кој ќе ги штити нејзините интереси во постапката. Во спротивно судот по службена должност преку ЦСР - Тетово ќе и постави привремен старател кој ќе ги штити нејзините интереси до правосилноста на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 569/97. (7967)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1056/97 на регистарска влошка бр. 1-22036-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основач и лице овластено за застапување во внатрешен и надворшно трговски промет на Претпријатието

за производство, промет, трговија на големо и мало „ПАРТНЕР-ПРОМ“ д.о.о. експорт-импорт ул. „500“ бр. 28, с. Марино, Скопје.

Од 10.02.1997 година како основач истапува од претпријатието лицето Нове Пешовски, а пристапува Зоран Наковски од Скопје.

Се брише досегашниот директор Нове Пешовски, а се запишува Зоран Наковски, директор со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1056/97. (4155)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1068/97 на регистарска влошка бр. 1-27710-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основачи и промена на лице овластено за застапување на Трговското претпријатие на големо и мало „САТЕС“ ц.о. увоз-извоз бул. „Јане Сандански“ бр. 110, влез 4 стан 14, Скопје.

Од 07.02.1997 година како основач истапува од претпријатието Тони Атанасовски од Скопје, а пристапува Борче Атанасовски од Скопје.

Да се брише досегашниот директор Горан Јовановски, да се запише Драгица Атанасовска, директор без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1068/97. (4156)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1381/97 на регистарска влошка бр. 1-41603-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирма, промена на седиште, промена на основач, проширување на дејност во внатрешен промет и промена на лице овластено за застапување на Претпријатието за внатрешен и надворешен промет и услуги „ГОРАЛ“ д.о.о. експорт-импорт ул. „Евтим Спространов“ бр. 48, Скопје.

Се врши промена на фирмата и седиштето па во иднина ќе гласи: Претпријатието за промет со стоки на мало и услуги „ЦИТИЗЕН“ ц.о. извоз-увоз ул. „Васко Карангелески“ бр. 25/1-37, Скопје.

Од 24.02.1997 год., од претпријатието како основач истапува Владимир Костовски, а пристапува Јанаки Јанакиев.

Дејности: 070129.

Се брише досегашниот директор Владимир Костовски, а се запишува Јанаки Јанакиев, директор.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1381/97. (4157)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 752/97 на регистарска влошка бр. 1-55768-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на назив, седиште, основач и лице овластено за застапување и дејност на Претпријатието за инжињеринг, трговија и транспорт „НИКОЛ – ЛТД“ д.о.о. експорт-импорт бул. „Свети Климент Охридски“ бр. 20 А/3, Скопје.

Истапува основачот Кристина Бошкова, а пристапува Драган Николовски.

Дејности: 011311, 011312, 011313, 011315, 011320, 011390, 011413, 011419, 011722, 011724, 011944, 012421, 012429, 013021, 013022, 01307, 013071, 013072, 013400, 013500, 050201, 050301, 050302, 060601, 060602, 070150, 080112, 080113, 080201, 080202, 090121, 090122, 090123, 090131, 090132, 090133, 090171, 090179, 090183, 090201, 090202, 110301, 110303, 110403, 110404, 110620, 120311, 120349, 120350, 120362.

Се брише Кристина Бошкова , се запишува Николовски Драган.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 752/97. (4158)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1023/97 на регистарска влошка бр. 1-61097-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промена на лице на Претпријатието за обавување на сообраќајно-технички услуги авто школа „НЕНА 1“ д.о.о. експорт-импорт ул. „Дрезденска“ бр. 17, б-2, Скопје.

Се брише Весна Мицановска, директор, а се запишува Ружди Скендеровски, директор.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1023/97. (4159)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1090/97 на регистарска влошка бр. 1-7175-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лице на Трговското претпријатие за промет на големо и мало „ОТТО-КОМЕРЦ“ ц.о. увоз-извоз, ул. „К. Ј. Питу“ бр. 27, Тетово.

Се брише Раиф Сејдиу, директор, а се запишува Гани Јашари, директор.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1090/97. (4251)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1653/97 на регистарска влошка бр. 1-21217-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирма, правен облик и седиште на Претпријатието за производство, промет и услуги на големо и мало „МИЛ-МАРК“ ц.о. увоз-извоз, Куманово.

Досегашната фирма, правен облик и седиште на Претпријатието за производство, промет и услуги на големо и мало „МИЛ-МАРК“ ц.о. увоз-извоз, Куманово, во иднина се менува и ќе гласи: Претпријатие за производство, промет и услуги „КИМ-МАК“ увоз-извоз, д.о.о. ул. „Октомвриска Револуција“ бр. 38/6, Куманово.

На 05.03.1997 год., во претпријатието пристапил Зоран Максимовски, а на истиот ден истапил Милан Ивановски.

Се брише Милан Ивановски, директор, а се запишува Зоран Максимовски, директор.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1653/97. (4252)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1395/97 на регистарска влошка бр. 1-28701-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста на Приватното претпријатие за производство, трговија, услуги и туризам „МАЦЕ-КОМЕРЦ“ д.о.о. експорт-импорт, ул. „Никола Тесла“ бр. 58, Куманово.

Претпријатието ја проширува дејноста со: 012002, 012611, 012622, 012810, 013021, 013041, 013050, 060503, 060601, 060602, 110109.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1395/97. (4253)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1299/97 на регистарска влошка бр. 1-2181-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на директор на Претпријатието за трговија и услуги на големо и мало „ЕЛБО-ПРОМ“ експорт-импорт, п.о. ул. „Тоде Думба“ бр. 33/А, Куманово.

Се брише Блаже Ѓорѓиевски, директор без ограничување, а се запишува Шикара Андријана, директор без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1299/97. (4254)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1568/97 на регистарска влошка бр. 1-15616-0-0-0, го запиша во судскиот регистар пристапувањето

на основач на Претпријатието за производство, преработка и трговија „ДЕММ“ ц.о. ул. „Бошко Буха“ бр. 20, Куманово.

Од 28.02.1997 година од претпријатието како основач истапува лицето Федор Сергеевич Паздњаков, Москва – Русија.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1568/97. (4257)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1132/97 на регистарска влошка бр. 1-332-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на застапник на Основното училиште „Гоце Делчев“ ц.о.о. „Градски ѕид“ 34, Скопје.

Се брише досегашниот застапник Насков Раде, директор, се запишува новиот застапник Величковска Марија, директор, без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1132/97. (4258)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 5059/96 на регистарска влошка бр. 1-29666-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиште, основач и лице овластено за застапување на Претпријатието за трговија, посредување и услуги „ГЕНИАЛ“ д.о.о. експорт-импорт, бул. „АВНОЈ“ 104/IV-17, Скопје.

Се менува досегашното седиште бул. „АВНОЈ“ 92/1-2, и во иднина ќе гласи: бул. „АВНОЈ“ 104/IV-17.

Од претпријатието истапуваат основачите Никола Кацарски и Лепа Кацарска од Скопје со одлука од 4.12.1996 год., а пристапува Беким Ејуповски од Скопје со одлука од 4.12.1996 год.

Се брише досегашниот застапник Никола Кацарски, директор без ограничување, се запишува Беким Ејуповски, директор без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 5059/96. (4259)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1394/97 на регистарска влошка бр. 1-51695-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лице на Претпријатието за производство, промет и услуги „МАНАС 73“ ц.о. експорт-импорт, бул. „АВНОЈ“ 64/3-7, К. Вода, Скопје.

Се брише Ѓорѓи Манасков, директор, а се запишува Анита Манаскова, директор.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1394/97. (4260)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 169/97 на регистарска влошка бр. 1-47666-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на директор на „ПРОАДРИА“ д.о.о. за трговија, превоз, туризам и угостителство, услуги и надворешна трговија бул. „Партизански одреди“ бр. 70-б, 2 спрат, ДЦ Алумина, Скопје.

Се брише Тофиловски Јован, се запишува Кромидароска Мирјана, како нов директор.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 169/97. (4261)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1334/97 на регистарска влошка бр. 1-20126-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејност на Претпријатието за промет, услуги, производство и извоз-увоз „ГОРА“ ц.о. ул. „Васил Чакаларов“ бр. 26, Скопје.

Во внатрешен промет се проширува дејноста: 090171.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 1334/97. (3911)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 1331/97 на регистарска влошка бр. 1-24489-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основачи и зголемување на основачки влог и промена на лице овластено за застапување на Претпријатието за промет, услуги, производство и експорт-импорт „С.Т.А. – Тефа Трафел Агенци“ ц.о. ул. „Лазар Ташев“ бр. 21, Скопје.

